

# МК МРЕЖА ЗА ДОМАШНИ МИЛЕНИЦИ

mkpetnet.com

# МК-петнет

*интернет платформа за домашни миленици*

## 1.Иницијатива



МК-петнет претставува интернет платформа за регистрација, огласување и продажба на домашни миленици.

Со регистрацијата на вашиот домашен миленик ќе си овозможите **интегрирано да го потврдите вашиот идентитет како сопственик на домашен миленик** со што ќе се стекнете со сертификат и со можност на платформата да огласувате за вашиот миленик било да се работи за промоција на изложби за домашни миленици, за вдомување или за продажба.

МК-петнет е самостојна иницијатива со цел да се промовираат **високите стандарди за огласување вдомување и продажба на домашни миленици** преку интернет.

МК-петнет е концепт каде се **интегрираат податоците за домашните миленици нивните сопствениците како и „матичните„ докторите по ветеринарна медицина**.

МК-петнет овозможува **автоматска верификација на домашниот миленик, неговиот сопственик, како и податоците за здравствениот статус, расата, возраста полот и благосостојбата на животното.**

# МК-петнет

*интернет платформа за домашни миленици*

## 2.Регистрација



Со поднесено барање и регистрирање на бројот на микрочипот на вашиот домашен миленик можете да се членувате на платформата и со единствен **QR code** преку вашиот мобилен телефон да имате пристап до базата.

Верификацијата на точноста на податоците во базата ја прави **докторот по ветеринарна медицина,, кој ја извршил апликацијата на микрочипот**.

Ваквиот пристап овозможува преку интернет континуирана проверка за точноста и содржината на податоците во базата.

Кога се огласуваат инфорамции за домашни миленици на интернет , постои несоодветност помеѓу огласот и реалноста во однос на возраста, здравствената состојба и потеклото на животното, недостасуваат информации за здравствената состојба и благосостојбата на домашните миленици.

Интегралниот концепт на базата претставува можност ве целост да се добиваат сите податоци за животното

**Автоматскиот систем на базата овозможува измена на податоците кога ќе се врши промена на сопственишство на домашните миленици**

# МК-петнет

*интернет платформа за домашни миленици*

## 3.Интернационализација

Голем дел од домашни миленици се предмет на меѓународна соработка и трговија при што вдомувањето, продажбата и набавката се реализира преку интернет.

За таа цел голем број на бази на податоци во различни европски земји обединети се во EUROPETNET со кое здружение **МК-петнет** има преддоговор за рамноправно членство.

Главна цел на EUROPETNET https://www.europetnet.org е да воспостави единствена база на домашни миленици во Европа во корист на животните, односно интегрирање на податоците на сопствениците со нивните миленици каде било во Европа

**МК-петнет** како дел од EUROPETNET мрежата ви овозможува информациите за вашиот миленик да бидат достапни во голем број европски меѓусебно поврзани бази на податоци за сопственици и продавачи на домашни миленици.

Употребата на **QR code на МК-петнет** како дел од EUROPETNET овозможува при побрзо завршување на сите меѓугранични формалности

**МК-петнет** како членка на EUROPETNET ви овозможува автоматски да направите промена на сопственишто на домашен миленик во европските земји.

mkpetnet.com

# МК-петнет

*интернет платформа за домашни миленици*

## 4.Цел

Прва цел е информациите за граѓаните да бидат во транспарентен систем каде сопствениците, одгледувачите и продавачите на домашни миленици прво да се регистрираат пред да огласуваат и рекламираат и продаавaат.

Втора цел е да обезбедиме **заштитни мерки за идните сопственици** на домашни миленици. Во принцип, секој сопственик на домашен миленик е одговорен за својот избор кога се стекнува со животно, но мора да има соодветни информации за изборот да биде олеснет. Затоа ние обезбедуваме право на пристап до целосната историја на нивните идни миленици од аспект на одгледувачките практики здравствениот статус и благосостојбата на домашните миленици.

**Трета цел** е да се спроведе одговорното сопственишство на одгледувачите и сопствениците на домашни миленици, да се подигне свеста, да се сензибилизира јавноста и да се едуцираат граѓаните за важноста од постоење на контолиран транспарентен систем за регистрација огласување и продажба на домашни миленици.

# МК-петнет

*интернет платформа за домашни миленици*